**ИЗЈАВА НА МИНИСТЕРКАТА РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА**
**ПРЕС – КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИ**
**25 септември 2021 година**

Членството на Република Северна Македонија во НАТО беше клучен политички успех, меѓутоа тој отвора и економски врати, бидејќи значеше од моментот на нашето членство шанса за домашните компании да излезат на НАТО пазарот.

На почетокот на вториот мандат на нашата влада, најавивме дека Министерството за одбрана ќе формира Центар за поддршка на компаниите за учество на тендери за потребите на Алијансата, тоа беше дел од нашата програма, како Влада, тоа беше дел и од обврските кои што како Министерство за одбрана ги превземавме со мандатните писма.

Денеска задоволство ми е да објавам дека Центарот е формиран и да ги повикам македонските компании да го прифатат предизвикот и да влезат во процедурата за учество на тендерите на Алијансата и на земјите членки чија вредност на годишно ниво изнесува околу пет милијарди евра.

Станува збор навистина за компетитивен пазар кој не треба да ни претставува пречка, туку треба да биде дополнителен мотив за да нашите компании бидат поефикасни, поквалитетни и подобри.

Потребите за набавки во рамки на Алијансата се навистина големи и се реализираат преку двете НАТО агенции, Агенцијата за поддршка и набавки и Агенцијата за комуникации и информации.

Тие се агенции кои што може и Северна Македонија да ги користи за дел од своите набавки, но се агенции преку кои нашите компании може да учествуват на тој пазар.

Преку овие две агенции Алијансата врши набавки од различни области кои што имаат врска со одбраната- набавки на униформи и обувки, средства за дезинфекција, изградба и опремување на објекти, лекови, медицинска опрема, кондиторски производи, аеродромска опрема, трговија со гуми за возила, медицински услуги, консултантски услуги во делот на информатиката, како и софтверски решенија и многу други.

Доволно е само да се погледне кои се тендери се распишуваат од страна на двете НАТО агенции за да се види широкиот опсег на можности кои се отвораат пред нашите компании.

Сакам да им порачам на македонските компании дека на патот кон учество во овие тендерски постапки навистина нема да бидат сами. Министерството за одбрана преку Центарот за поддршка на компании ќе им помага во прва фаза на компаниите првенствено да извршат регистрација во НАТО агенциите, а потоа да добијат и пристап и кон објавените тендери. Меѓутоа веќе вториот чекор ќе биде уште поамбициозен – нема да биде поддршката наша само

во делот на административните подготовки и процедури, туку Центарот ќе се трудиме да помага со пренесување на научените лекции за успешно аплицирање на тендери како и за поврзување на домашните компании и со светските гиганти кои веќе имаат договори со НАТО агенциите, а имаат потреба и од добавувачи.

Нашето членство во НАТО Алијансата сакавме да го гледаме и како шанса за зголемена ефикасност и мислам дека денешното официјално отворање на Центарот покажува дека навистина сме ја зголемиле ефикасноста и на нашите институции. Со навистина многу добра соработка со Министерството за финансии успеавме во многу брз рок да се донесе законот кој што ни ја даде шансата да се формира Центарот и да се отвори процедурата за домашните компании.

На почетокот на август беа донесени измените на законот за јавни набавки во одбраната и безбедноста и веќе на почетокот на септември беа донесени сите подзаконски акти. Ако на деветти септември ја формиравме и Комисијата која што ќе биде неопходна за оваа поддршка, верувајте уште првиот ден потоа, кога ги објавивме сите информации на веб – страната на Министерството за одбрана ги имавме првите две компании кои што нè контактираа заинтересирани да ја почнат процедурата и тоа покажува навистина дека во рок од еден месец, успеавме да ги изодиме сите чекори кои во нормални околности често пати бараат една цела година.

Сакам да им честитам на сите кои што работеа не само во Министерството за финансии и Министерството за одбрана, туку и другите институции кои ќе учествуваат во работата на ресорната комисија што беа ефикасни и брзи и што им овозможија на домашните компании навистина брзо да им ги отвораме вратите.

Нашата поддршка ќе биде сеопфатна и суштинска и затоа, велам, ги охрабрувам домашните компании да се впишат во евиденцијата на економски оператори и да се здобијат со потврда која што ќе ја издава Министерството за одбрана за исполнетоста на условите за учество на постапките на НАТО тендери.

Сите информации можат да ги добијат на веб- страната на Министерството за одбрана и сакам да укажам дека се трудевме процедурата да биде наједноставна и што е можно најбрза.

Интензивно ќе соработуваме и со стопанските комори и стоиме на располагање пред сите компании да извршиме презентација и да им помогнеме да го изодат овој пат.

Безбедноста и економијата навистина покажуваме дека се комплементарни. За да имаме витална и динамична економија мора да имаме и компании кои се во тек со новите технологии и компании кои се конкурентни со сите оние на пазарот на земјите членки.

Оваа можност за учество на тендерските постапки на НАТО ќе го направи токму тоа – ќе овозможи квалитетот на нашите компании да биде виден и признат и на ниво на Алијанса, а ќе даде и дополнителен поттик да бидеме колку што е можно поефикасни, попрофесионални и поквалитетни.

Членството во НАТО Алијансата беше задача на која што работеа многу генерации политичари, многу генерации граѓани и членството во НАТО Алијансата навистина сакаме да го искористиме не само како поттик и зголемување на нашата безбедност, туку и како дополнителна шанса за нашата економија. Со денешново официјално започнување со работата на Центарот за поддршка на домашните компании навистина тие зборови и тие ветувања ги претворивме во резултат.